АБРИКАТИ

**Ненад Шебек, невладин активист**

## НАШИТЕ ДЕЦА ПРЕФЕРИРААТ СЛАТКИ ПРЕД ЗНАМИЊА



Ниту еден од балканските народи нема да се пресели на Марс. Без оглед колку некој тоа и да го посакува. Тогаш што друго ни преостанува, туку да почнеме да живееме како луѓе и добри соседи

**Форум: Со што се бави и кој го основал Центарот во Солун ?**

**Шебек:** Центарот за демократија и помирување во југоисточна Европа (*Center for Democarcy and Reconcilation in Southeast Europe*) е невладина организација, основана пред скоро шест години и регистрирана во Холандија, а нејзиното седиште е во Солун. Идејата за нејзиното основање потекна од дипломати, деловни луѓе, професори од САД и од Грција, кои собраа средства за почетокот на работа и го основаа овој центар што опфаќа 11 земји од југоисточна Европа (Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, Албанија, Македонија, Бугарија, Романија, Грција, Турција и Кипар). Центарот своите проекти делумно ги финансира од "традиционалните" владини извори и транснационалните компании, но основата на неговата финансиска конструкција се средствата и донациите од приватните компании кои се свесни дека за создавање квалитетен и стабилен пазар мора да се вложи во развојот на цивилниот сектор кој ќе донесе стабилност во регионот. "Corporate Responsibiloity" можеби споро пристигнува на Балкан... но пристигнува!

Идејата дојде во мигот кога невладините организации го загубија делот од својот првобитен сјај (делумно по сопствена вина), да се формира Центар што ќе се занимава со две круцијални барања - помирување и демократизација. Средствата, за да се дојде до целта, се комбинирани од два извора: know-how, односно средствата од развиениот свет, со користење на локални-регионални извори и идеи. Впрочем, ваквиот пристап најдобро е рефлектиран и во составот на Управниот одбор на Центарот (www.cdrsee.org).

**Сметате ли дека е можно регионалното помирување на Балканот? Дали тоа би ги опфатило само бившите југословенски држави или и другите балкански земји?**

Кога пријателите често пати ќе ме прашаат што е тоа со што сега се занимавам, имам обичај да им одговорам дека "се борам против ветерниците". Затоа што, реално гледано, на Балканот е многу полесно да ја поттикнете војната и автократијата, одошто помирувањето и демократијата. Но, шегата настрана, кога не би верувал во можноста за регионално помирување, не би го работел ова што го работам. Впрочем, ние кои потекнуваме одовде и немаме друг избор, освен да се обидуваме, да се обидуваме, па повторно да се обидуваме... Тоа што не сме успеале во минатото, може само да ни биде причина повеќе да се обидеме уште еднаш. Во иднина многу работи ќе се случат, но една работа нема да се смени: Албанците и понатаму ќе бидат први соседи и на Србите, и на Македонците, и на Црногорците и на Грците... Хрватите и понатаму ќе ја делат границата со Србите и со Бошњаците... Ниту еден од балканските народи нема да се пресели на Марс. Без оглед колку некој тоа и да го посакува. Тогаш што друго ни преостанува, туку да почнеме да живееме како луѓе

и добри соседи. Каква е ползата од добри пријатели во Вашингтон или во Москва, ако не можеме да сметаме дека првиот комшија ќе ни притекне на помош кога ни е најтешко? Или ќе го прифатиме овој факт, или е најдобро сите колективно да се иселиме во Нов Зеланд и таму да чуваме овци... Односно, некои да се иселат таму, а други во Аргентина, инаку нашите кавги ќе ги пренесеме и таму.
Како новинар ги следев сите наши војни од деведесеттите, но и некои други војни како онаа во Чеченија, та така многу добро ми е позната смрдеата од трупови и разурнувања, страв од рафалите, гранатите и експлозиите. Направив интервјуа со премногу бегалци, ранети, силувани, мачени... За жал, многумина на Балканот го имаат тоа искуство од прва рака. Се надевам дека беше доволно. Се надевам дека оние што го поминаа пеколот на деведесеттите ќе посакаат на своите деца да им остават подобра иднина.
Без оглед што воениот виор ги зафати само земјите од бивша Југославија, решението мора да се бара регионално, низ земјите на Балканот. Нема траен мир, нема просперитет и стабилност, нема економски просперитет за никој од нас доколку сите заедно не побараме решение.

**Кои се главните предуслови за такво помирување?**
Сеедно по кој редослед, но: искреност, економија, интеграција... Добра волја!
Искреност и вистина, затоа што и ние и меѓународната заедница многу често го баравме лекот, а не бевме подготвени да се соочиме со вистината и да ја согледаме правата дијагноза. Да ја земем за пример Македонија: до пред две години меѓународната заедница Македонија ја третираше како "балканско чудо", укажуваше на Македонија како за пример на успешна "мултиетничка заедница"... За сите нас од тоа поднебје таа дијагноза ќе беше хистерично смешна, да не беше трагично погрешна. Има многу слични дијагнози кои се погрешни и доведоа до погрешни решенија, а тие, пак, го доведоа регионот на Западен Балкан во состојба да нема војна, но да нема ни вистински мир. За да ги пронајдеме вистинските решенија, мораме најнапред да бидеме искрени, да ја набљудуваме состојбата онаква каква што е, колку таа и да е грда или "политички некоректна".
Економското заздравување и помирувањето се како кокошката и јајцето - тешко е да се определи што е постаро. Но, заемно мораат да се помагаат за да опстанат. Во врска со тоа, мораме да разбереме дека децата не можеме да ги нараниме со знамиња и со симболи. Децата многу повеќе сакаат млеко, леб и слатки.
Интеграцијата, и тоа не само онаа што сите ја посакуваме и што ја пееме во хор - напред кон ЕУ! - туку интеграцијата и меѓу нас самите на Балканот, затоа што само така можеме да ја постигнеме целта. Да не се разбереме погрешно, тука не зборувам и не мислам за создавање на некоја "ново-стара Југославија", туку зборувам за царинска унија и за другите облици на економска интеграција. Пред се добра волја, барем тоа не треба да се објаснува.
Секако има и други работи: борба против корупцијата и организираниот криминал, заштитата на малцинските и човековите права, правото на приватизација, а не грабеж на општествениот имот, засилувањето на цивилниот сектор, независното судство...

**Во рамките на Пактот за стабилност тукушто е покрената нова иницијатива за помирување.**
Да, со поддршка на министерствата за надворешни работи на Грција, Шведска, Норвешка и другите членки на Пактот за стабилност, покренавме иницијатива што има за цел да ги согледа сегашните процеси на помирување и да пронајде нови начини, нови методи и нови луѓе. (Повеќе детали на www.reconcilingforthefuture.org)
Да е помирувањето на Балканот бизнис-зделка, инвеститорите одамна би се повлекле. Искрено кажано, резултатите во последните 12 години се многу тенки.
Поради тоа, на почетокот на април во Солун организираме меѓународен собир на кој ќе се потрудиме да пронајдеме одговор на прашањата за тоа како понатаму, како поефикасно и како поуспешно? Паралелно работиме за создавање на една база на

податоци која се занимава со процесите на помирување на Балканот, врз чија основа полесно ќе ги согледаме можностите за помирување на Балканот.

**Еден од поголемите проекти на вашиот Центар е оној што се занимава со менување на учебниците по историја на Балканот. Какви се резултатите од овој проект?**
Нашиот Центар четири години работеше на истражување на учебниците по историја во 11 земји од југоисточна Европа. Резултатите се објавени во книгата Clio in the Balkanas и беа претставени на меѓународната конференција минатиот април во Атина. Со мали исклучоци, сите народи на Балканот во своите учебници по историја себеси се прикажуваат во поубава светлина од оние околу нив. Секој себеси се гледа како жртва на историјата, чувај боже некој од нив некогаш да бил агресор! "Ние" сме секојпат, макар за нијанса, подобри од другите. По ова истражување, Центарот тргна во следната фаза на проектот - лобирање за промена на состојбите и пишување на серија од 4 комплементарни учебници кои ќе ги обработат следните целини: Отоманското Царство, Балканските војни, Втората светска војна и создавањето национални држави. Целта не ни е да ја "разубавиме" историјата и да ја направиме розова или да создадеме еден заеднички поглед на минатото, туку да го истакнеме и она што е заедничко, а не само да ги потенцираме разликите меѓу нас. Сакаме да се обидеме да ја "деполитизираме" наставата по историја.
**Што може да се очекува од јунскиот Самит на ЕУ во Солун?**

Да не сме на прагот на војна во Ирак, би било и поубаво и полесно да се одговори на ова прашање. Доколку дојде до војната и доколку таа се одолжи, се плашам дека резултатите од Солунскиот самит ќе бидат минимални. Доколку, пак, војната во Ирак се избегне, Грција ќе настојува да ја искористи својата позиција на претседавач во ЕУ за максимално да го доближи регионот до Европската унија. Но, и во тој случај не сум голем оптимист. Стравуваме дека проширувањето на ЕУ од сегашните 15 на 25 членки ќе биде комплицирано и тешко и за новите и за старите членки. Се плашам дека тоа сите нас кои чекаме во ред за прием ќе не присили на уште долго чекање и чекање. Можеби треба да се побараат некои други облици на асоцијација како преодно решение за полноправно членство.

**Неколку години живеете во Грција. Каков поглед има Балканот од грчка перпсектива?**
Овде живеам прекусо за да се охрабрам да давам проценка. Но, на прв поглед би можел да кажам дека Грција е многу заинтересирана за Балканот и дека полека, но се помасовно инвестира во регионот. Како единствена земја-членка на ЕУ и на НАТО од овој регион, но и како држава со најдолга традиција на парламентарна демократија во регионот, таа себеси се гледа како балкански лидер, како локомотива што би можела овој дел од Европа да го одведе на заедничката станица во Брисел.